


# изложба на линорези и цртежи

## АЦО ФИЛИПОВСКИ



*Роден 1936 г. во село Никифорово — Гостиварска околија. Во 1958 год. го заврши училиштето за применета уметност и 1974 г. Педагошката академија ,,Климент Охридски" Скопје, во групата ликовно воспитание.*

*Живее и работи во Скопје, како ликовен креатор во Графичкиот завод ,,Гоце Делчев".*

*Адреса: Бул. Партизански одред 115, I/9*

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1962 г. во Гостивар и Кочани
1964 г. во Гостивар и Куманово
1968 и 1971 г. во Скопје

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1969 г. Есенска изложба на ДЛУМ во Скопје
1970 г. Изложбата 25 години на ДЛУМ во Скопје, I графичка изложба на ДЛУМ во Скопје, Тематската изложба ,,Моето сакано дело" во Скопје.
1971 г. II графичка изложба на ДЛУМ во Скопје, Пролетната изложба на ДЛУМ во Гостивар, Есенската изложба на ДЛУМ во Скопје, Тематската изложба ,,Македонски автопортрет" во Скопје.
1972 г. III графичка изложба на ДЛУМ во Скопје, Есенската изложба на ДЛУМ во Скопје.
1973 г. Есенската изложба на ДЛУМ во Скопје, во состав со Меѓународната недела на уметноста и 25 години на СЛУЈ.
1974 г. V графичка изложба на ДЛУМ во Скопје, изложбата 30 години на ДЛУМ во Скопје, Изложбата ,,Збратимени уметници" во Куманово, Изложбата ,,Жената како инспирација на уметникот" во Скопје.
1975 г. VI графичка изложба на ДЛУМ во Скопје.

ГРАФИКАТА во Македонија допрва треба да се избори за своето место во нашето ликовно творештво. Тоа никако не значи дека кај нас малкумина го негуваат ова ликовно подрачје, или дека не се формираат графички експонати кои не заостануваат од сликарството и скулптурата. Постапно графиката се провлекува помеѓу сликарството и скулптурата и го добива значењето како рамноправна ликовна дисциплина. Од графиката се бара со најрационални средства, преку емоциите, интелектуалноста и занатската прецизност да ги презентира пораките на авторот до нас.

Аце Филиповски сето свое ликовно ангажирање го поврзува со графиката во линорез и изворниот цртеж кој всушност може да биде и прелудиум на графиката или спонтано графичко искажување. Тој ликовно се формирал во Училиштето за применета уметност во Скопје, а потоа дипломира на Педагошката академија, во групата ликавно воспитание. Филиповски е посебна сензибилна личност, роден во Мавровскиот крај, кој преку графиката раскажува за еден свет што се наоѓа длабоко во него.

Неговите линорези се сочни, со изворна светлина, занаетска прецизност и трансponирано поставен простор. Аце Филиповски е на работа во Графичкиот завод ,,Гоце Делчев" и се чини дека бучавата на машините допринесува на присутната динамичност и игра на контрастите во неговите линорези. Гледајќи ја играта на длетата во неговите графики, кои ја формираат имагинарноста во структурата и апликацијата на односите што произлегуваат од црнобелите контрасти, како да се насетува недефинирана носталгија која се стреми кон одреден оптимизам во извесни ноти на експресивно доживување.




ГОРДОСТ И УБАВИНА

*Филиповски во своите графики раскажува за еден свет поврзан за неговата интима. Тој е приврзаник на ангажираното ликовно творештво кое го прикажува со акцентирање на одредени елементи, понекогаш со симболично значење. Кај него секоја графика претставува посебно дејствие поврзано во графичка целина.*

*Ацо Филиповски е доследен на одредени ликовни тенденции кои тој во континуитетот на творештвото постојано ги развива и дополнува со нови елементи, изведувајќи по потреба и одредени редукции.*

Изворните цртежи, сепии, имаат посебна вредност за ликовното творештво на Филиповски затоа што се заситени со сочност, спонтаност и разиграност во доносите.

Цртежите се изведувани со карактеристичен материјал којшто овозможува да дојдат до израз извесни структурални ефекти кои им даваат свежина и живост. Гледајќи ги цртежите се чувствува врската помеѓу тие и графиките и тоа како во транспонирањето така и во содржинските преокупации на авторот.

На изложбава Филиповски се претставува со цртежи и графики кои не само што чинат целина за себе, ами ја прикажуваат и ликовната личност на авторот кој како таков има одреден пат по кој сигурно се движи и развива.

Ванчо Ѓорѓиевски

ПОЕМА





ЕЛЕГИЈА

СКАМЕНЕТ КОПНЕЖ



# К А Т А Л О Г

## ЛИНОРЕЗИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | СТАРОТО СТЕБЛО | 1971 | 39 × 43 см. |
| 2. | ПОДВОДЕН СВЕТ I | 1971 | 41 × 29 см. |
| 3. | ТАГА | 1971 | 41 × 29 см. |
| 4. | ГОРДОСТ И УБАВИНА | 1972 | 30 × 42 см. |
| 5. | ВЉУБЕНА | 1973 | 30 × 48 см. |
| 6. | ЕЛЕГИЈА | 1973 | 50 × 39 см. |
| 7. | ПОЕМА | 1973 | 38 × 49 см. |
| 8. | ПЕПЕРУТКИ | 1974 | 29 × 45 см. |
| 9. | ПОДВОДЕН СВЕТ II | 1974 | 47 × 34 см. |
| 10. | МЕДАЛЈОН | 1974 | 34 × 48 см. |
| 11. | АКТ | 1974 | 33 × 48 см. |
| 12. | КАКТУС I | 1974 | 33 × 46 см. |
| 13. | ШУМСКА ПРИКАЗНА | 1974 | 35 × 49 см. |
| 14. | СКАМЕНЕТ КОПНЕЖ | 1974 | 35 × 49 см. |
| 15. | ПРКОС | 1974 | 35 × 49 см. |
| 16. | ТРАГАЊЕ | 1974 | 33 × 46 см. |
| 17. | КАКТУС II | 1975 | 33 × 47 см. |
| 18. | БУДЕЊЕ НА ШУМАТА | 1975 | 34 × 49 см. |
| 19. | НАРОДЕН ХЕРОЈ ЧЕДЕ ФИЛИПОВСКИ - ДАМЕ | 1975 | 33 × 47 см. |
| 20. | ПРОШЕТКА | 1975 | 23 × 35 см. |
| 21. | КОН ПОСРЕЌНА ИДНИНА | 1975 | 24 × 36 см. |
| 22. | ПОКРАЈ ВАРДАР | 1975 | 35 × 49 см. |
| 23. | НОСТАЛГИЈА | 1975 | 35 × 49 см. |
| 24. | ИГРАТА НА ЛЕБЕДОТ | 1975 | 31 × 49 см. |
| 25. | АВТОПОРТРЕТ | 1975 | 49 × 35 см. |

## ЦРТЕЖИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26. | ЦВЕТ ОД ЈАБОЛКО | 1971 | 23 × 33 см. |
| 27. | НАЈУБАВ ЦВЕТ | 1972 | 21 × 21 см. |
| 28. | ПИЈАНСТВО | 1972 | 27 × 38 см. |
| 29. | СКАМЕНЕТИ ОЧИ | 1972 | 27 × 45 см. |
| 30. | ПРОЛЕТ | 1975 | 29 × 39 см. |
| 31. | ПЕПЕРУТКА | 1975 | 30 × 39 см. |
| 32. | ТОПЛА ПРЕГРАТКА | 1975 | 30 × 39 см. |
| 33. | ЕКСПЛОЗИЈА | 1975 | 30 × 39 см. |
| 34. | ГНЕЗДО | 1975 | 27 × 36 см. |
| 35. | ПРОЛЕТНИ ШЕПОТЕЊА | 1975 | 30 × 39 см. |
| 36. | МОРБИДНОСТ | 1975 | 30 × 39 см. |
| 37. | НЕИЗВЕСНОСТ | 1975 | 30 × 39 см. |
| 38. | ПОБЕДА | 1975 | 39 × 31 см. |
| 39. | ВО ПОТРАГА ПО НЕПОЗНАТОТО | 1975 | 28 × 39 см. |
| 40. | ЧАСОВНИК | 1975 | 27 × 40 см. |



ПРОЛЕТ

ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ — СКОПЈЕ, ИЗЛОЖБЕН САЛОН, 13. — 20. X 1975 ГОДИНА
ГАЛЕРИЈА НА СОВРЕМЕНА ЈУГОСЛОВЕНСКА ГРАФИКА „МОША ПИЈАДЕ" — БИТОЛА, 23. X — 1. XI 1975 Г

*Печаш: Графички завод „Гоце Делчев" — Скойје*